Врз основа на член 3-и став (7) од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија” бр. 4/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на претходна согласност за именување на член на орган на управување, за промена во сопственичката структура и за промена на основната главнина на давател на финансиски лизинг.

Член 2

Барањето за добивање на претходна согласност од член 1 на овој правилник се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Барањето од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци:

-орган до кој се поднесува барањето,
-наслов на барањето,
-поле за именување на член на орган на управување,
-поле за промена во сопственичката структура,
-поле за промена на основната главнина,
-назив на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето,
-седиште на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето,
-краток опис поради кој се поднесува барањето,
-датум и место,
-потпис на подносителот на барањето и
-место за печат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/16).

Бр. 13-10367/1
20.07.2016 година
Скопје

м-р Кирил Миноски
Министер за финансии

ПРИЛОГ

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**БАРАЊЕ**
**ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРЕТХОДНА СОГЛАСНОСТ НА ДАВАТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ**

- ☐ За именување на член на орган на управување
- ☐ За промена во сопственичката структура
- ☐ За промена на основната главнина

Од_______________________________________________________________________

(назив на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето)

_________________________________________________________________________

(седиште на давателот на финансиски лизинг подносител на барањето)

Краток опис поради кој се поднесува барањето:_____________________________
_________________________________________________________________________
_________________________________________________________________________

Датум ______________ Подносител на барањето

Место ______________ _____________________________

М.П (*)

(*) За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.